Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на Р.М. бр. 24/2019) и подзаконските акти ја донесувам следната ја донесувам следната:

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ
ПОДРУЖНИЦА РЕК БИТОЛА - НОВАЦИ
Бр. 11-7/136
17.08.2023 год.
НОВАЦИ

# ОДЛУКА
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА (на стока)

1.Предмет на набавката е: Адитиви за намалување на формирање на згура - троска во котли при согорување на јаглен (РЕК Битола)

2.Износ и извор на средствата потребни за реализација на договорот: 217.000.000,00мкд, без ДДВ (двеста седумнаесет милиони денари) односно 256.060.000,00 денари со ДДВ(двеста пеесет и шест милиони и шеесет илјади денари) согласно ГПЈН за 2023 од сопствени средства.

3.Набавката не е делива во делови.

4. Образложение за неделивост: Предметот на набавката не е делив, од причини што се работи за набавка на една позиција.

5.Набавката да се изврши по пат на:

- Отворена постапка;

преку ЕСЈН, без користење на е-аукција како последна фаза во постапката

6.Се задолжува Комисијата за јавни набавки во состав:

- Снежана Макаријоска - Претседател
- Љупчо Стефановски - член
- Мира Василевска - член
- Оливера Мијатовиќ - заменик претседател
- Анита Кузевска - заменик член
- Владо Мицески – заменик член

да ја спроведе постапката за јавната набавка.

7. Комисијата која ќе врши евалуација на понудата од технички аспект ќе биде формирана со посебно решение од страна на одговорното лице на Договорниот орган.

8.Доколку е потребно Комисијата во својата работа да вклучи надворешни стручни лица.

9. Критериумот за избор на економски најповолна понуда се утврдува врз основа на:

– цената

10.Образложение за потребата:

Потребата од оваа набавката е неминовна бидејќи ќе се користи против формирање на згура/троска во котлите на јаглен, со што се намалува конзистентноста и количината на наслаги кои можат да се залепат во конвективните и радијалните зони што може да предизвика значително губење на ефикасноста во однос на производството на електрична енергија MW.

Со набавка на овој адитив ќе има намалување на наслагите во комората за согорување, односно во сите делови за размена на топлина – конвективна и радијална зона, така што подолгите интервали на чистење и намалените негативни ефекти врз наслагите на разменувачот на топлина се кршливи, намалувајќи ги наслагите во конвективната зона и областа на економајзерот со цел да се одржи почиста можна површина во делот на размена на топлина, односно избеднување, неутрализирање или ограничување на таложење на корозивни соединенија во зоната на економајзер и во ладниот дел односно горниот дел на котелот.

Така што чистењето е полесно, со што се намалува времето за истата работа и со тоа се зголемува временскиот интервал на работа (поголем) на котлите, додека цевководите остануваат меоштетени и може да се користат инфериорни (различни видови) квалитети на јаглен со модификација на дозата на третманот доколку се влоши квалитетот на јагленот.

Бидејќи нашиот рудник има ограничен капацитет за испорака на јаглен на депонијата и не ги задоволува дневните потреби на електраната, од овие причини се користи јаглен од други јагленокопи од земјата и од странство, за надополнување на недостаток од јаглен и за нормална работа на блокот.

Увозниот јаглен од земјата и од странство се испитува дали ги задоволува нашите потреби од хемиски и енергетски карактер. Јагленот приближно мора да ги исполнува бараните услови према проектот на електраната за нормално согорување.

Праметрите од сулфур, влага, пепел и други примеси мораат да бидат во дозволени граници за нашите потреби. И покрај исполнување на овие параметри на увезениот јаглен ископан од повеќе рудници, при негово мешање со нашиот јаглен од нашиот рудник, прават проблеми во делот на цевните екрански панели во горилникот и на прегревачите во економајзерот во форма на налепини. Често пати се прават комбинации на мешавина на јаглен, енергетски да ги задоволи условите на не може да се избегне од таложење на налепините во горилниот простор.

11.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Ј.Н. бр.136/2023

17.08.2023

Изработил: Мира Василевска
Одобрил: Снежана Макаријоска
м-р Златко Алексовски

Ко:

- Комисија за јавни набавки
- Архива

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ
Директор
Пеце Матевски дипл.маш.инж.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Подружница РЕК БИТОЛА НОВАЦИ 14